СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: | 22. 05. 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 67 - | 689/12 | | |

Архивски бр. 15-3023/2

Дата: 17. 05. 2023

ДО: Министерство за транспорт и врски
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 67-689/9 од 28.04.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под бр. 15-3023/1 од 04.05.2023 година и доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на Меѓурегионална депонија за комунален отпад-централна постројка за управување со отпад лоцирана во Општина Свети Николе, КО Мечкуевци, – Општина Свети Николе, врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава позитивно мислење по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот. Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.


Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

Министер
Каја Шукова

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk